Совет на Општина Делчево
Број 09-1336 /2
16.07.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 27.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 16.07.2019 година (вторник), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 10 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Дејан Георгиевски
3. Јулија Крстевска
4. Влатко Величковски
5. Вице Стоиловски
6. Ванчо Велиновски
7. Сашко Јовановски
8. Дијана Јосифовски
9. Кристи Стојковски
10. Катица Трајкова Тасева

Оправдано отсутни беа Николчо Ситновски,Билјана Ѓеоргиевска,Сашко Ивановски, Кирил Тренчевски и Славица Димитрова.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот Драган Маневски кој за 27.седница го предложи следниот

Дневен ред

1. Одлука за определување на просторија за склучување на брак и условите за користење на истата;
Образлагач: Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, дневниот ред за 27.седница на Советот на Општина Делчево беше усвоен.

**Прва точка- Одлука за определување на просторија за склучување на брак и условите за користење на истата;**

Точката ја образложи Владимир Мерзликин кој рече дека со оваа одлука се определува службена просторија во која граѓаните на општина Делчево ќе можат бесплатно да склучуваат граѓански брак. Просторијата се наоѓа во мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ. Согласно со Одлуката за користење на просторијата за склучување граѓански брак нема да се плаќа надоместок, а заинтересираните граѓани е потребно за користење на салата за оваа намена да доставуваат барање до Општина Делчево од каде ќе добијат потврда за соодветниот

датум и час за склучување брак кој ќе се достави до Матичната служба во Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за определување на просторија за склучување на брак и условите за користење на истата.**

Со исцрпувањето на дневниот ред, 27.седница на Советот на општина Делчево заврши во 14.20 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,